# Упатство за eTrader

E-trading апликацијата е наменета за крајните корисници (клиентите на Одделот за работа со хартии од вредност при ТТК Банка АД Скопје) и им овозможува комплетен увид во нивното тргување.

## 1.1. Основни податоци

### 1.1.1. Општи карактеристики

Апликацијата eTrader е составен дел од софтверската палета на Broker Office и е наменета за клиентите на брокерските куќи.

Апликацијата ги има следните карактеристики:

- високо ниво на сигурност
- едноставност во пополнувањето на налогот, неговиот внес, измена или повлекување
- преглед на портфолиото и паричната состојба со моментално ажурирање
- преглед на пазарните податоци (цена, длабочина, трансакции)
- следење на внес и извршување на налогот во реално време
- преглед на активни налози и e-trading барања
- следење на налогот во длабочината на пазарот
- аларми (нотификации за промените на пазарот)

Оваа апликација е достапна преку интернет пребарувач, што овозможува големо ниво на флексибилност.

- *Google Chrome 3+*
- *Mozilla Firefox 3+*
- *Safari 4*

Се препорачува користење на последната верзија на *Google Chrome* кој овозможува најдобри перформанси (брзина, која е и до десет пати поголема во однос на останатите интернет пребарувачи). Пребарувачот *Internet Explorer* не е поддржан.

Изгледот на eTrader апликацијата е сличен на интерфејсот на Windows (копче Старт, работно мени, работа со прозорци-да се отвораат истовремено исти/различни, да се распоредуваат, да се затвораат, минимизираат и слично), така што корисниците многу брзо се навикнуваат на него.




Хардверски барања:
Минимум: Pentium 4 процесор на 1GHz, 512 MB RAM, dial-up пристап кон интернет, 19" монитор
Препорачано: Pentium 4 процесор на 2GHz, 1 GB RAM, broadband пристап кон интернет, 21" монитор

#### 1.1.2. Активирање налози и пристап до eTrader апликацијата

За да може клиентот да ја користи eTrader апликацијата, потребно е има дозвола и обезбеден пристап кои му ги дава брокерската куќа. Корисникот ги добива следните податоци:

- URL адреса за пристап до апликацијата
- Корисничко име и лозинка

### 1.2. Следење на тргувањето

#### 1.2.1. Надомест за податоци во реално време

Со доплата (согласно важечкиот тарифник), клиентот има увид во следните податоци за хартијата од вредност во реално време:

- Најдобра куповна/продажна цена (Главна табела, Листа за пратење, Пазарна нерамнотежа) и промет (MSE-промет)
- Длабочина (понуда/побарувачка) на пазарот (длабочина-цени, длабочина-налози, длабочина-трансакции)

### 1.2.2. Прозорци за следење на тргувањето

На сликата е прикажан изгледот на eTrader апликацијата со прозорците кои се користат за следење на тргувањето.
Сите основни прозорци се достапни преку Старт, а останатите прозорци преку користење на десното копче од маусот на прозорците Главна табела, Листа за пратење, Пазарна нерамнотежа.
Во прозорецот Главна табела може да се внесат хартии од вредност по желба. Корисникот има на располагање четири основни екрани, на кои може да изврши организација и распоред на посакуваните прозорци.




Сите прозорци кои имаат опцијата да се следи хартијата од вредност, означена како двоглед овозможува да се следи одбрана хартија. Со двоен клик на прозорците Главна табела, Листа за следење и Нерамнотежа, се отвора прозорецот кој ја покажува длабочината на пазарот по налози за одбраната хартија од вредност.

Во прозорецот Листа за следење, клиентот може да ги следи податоците за истргуваните хартии од вредност, како и своето портфолио.

Дополнителните листи означени со броевите 1, 2 и 3 овозможуваат клиентот сам да дополнува за кои хартии од вредност сака да има податоци за тргување.

На дополнителните листи, хартиите се додаваат со десен клик на маусот и одбирање на опцијата Додај.




## 1.3. Портфолио, тргување, налози и трансакции

### 1.3.1. Портфолио

Увид во сите хартии во портфолиото, како и сите трансакции кои ги извршил во брокерската куќа, клиентот може да ги види во прозорецот Портфолио.
Овој прозорец се состои од неколку табеларни прикази, со можност за филтрирање и сортирање:

- **ХВ** (приказ по хартија и резервација),
- **Пари** (увид во паричната состојба, износ на средствата што се резервирани/потрошени за купување и средствата слободни за располагање)
- **Трансакции** (приказ на сите извршени трансакции и детали за секоја трансакција поединечно)
- **Налози** (приказ на сите дадени налози, нивна промена и детали за секој налог поединечно)
- **Трансакции** (преглед на сите склучени трансакции со можност за внес на влезните цени).



| ХВ | Назив | Порамнета количина | Непорамнето купување | Непорамнето продавање | Купување | Продавање | Резервација | Расположливо | Резервација пари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ALK | Alkaloid Skopje | -100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -100 | 0,00 |
| KMB | Komercijalna banka Skopje | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | -12 | 0,00 |
| MPT | Makpetrol Skopje | 0 | | | 100 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |

Опцијата Пресметка на портфолио ги дава моменталните вредности на портфолиото и паричната состојба. За детален преглед на добивка/загуба по одредена хартија или збирно, треба да се одбере опцијата Статистика на портфолио.




## 1.4. Внес, измена и повлекување на налог

Клиентот има повеќе начини на внес на куповни/продажни налози. Еден од начините е преку десен клик со маусот на одбраната хартија од вредност во прозорецот Главна табела (или во прозорецот Листа за следење, односно Нерамнотежа) и избор на опцијата Куповен налог/Продажен налог. Во овој случај, полето ХВ во маската за внес на налог е пополнето со одбраната хартија од вредност во Главната табела.

Исто така, во Старт менито има опција Куповен налог/Продажен налог, при што се отвора истата маска за внес на куповен/продажен налог, само без пополнетото поле захартијаодвредност.




## 1.5. Преглед на налози и трансакции

За преглед на сите дадени налози и трансакции, клиентот го има на располагање прозорецот Книга на налози и трансакции. Клиентот може да ги сортира и прегледа сите пресметки и налози.

Потврдите, налозите и пресметките може да се печатат (или да се сочуваат како PDF документ), преку десен клик на маусот на налогот/пресметката и да се одбере опцијата за печатење.



MSE - Книга на налози и трансакции

Налози | Трансакции

| Акција | Бр. ... | С... | Време | Активен | ХВ | Купување/Про... | Коли... | Цена | Брокер | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Внес | 685 | 2 | 13.10.16 11:58:48 | ☐ | MPT | Купување | 100 | 25.000,... | Broker test 2 | Берза: Реализиран |
| Внес | 685 | 1 | 13.10.16 11:57:40 | ☐ | MPT | Купување | 100 | 25.000,... | Broker test 2 | eTrading налог е извршен |
| Повлек... | 461 | 5 | 07.10.16 09:23:05 | ☑ | AGKU | Продавање | 3 | 2.300,00 | Broker Test 1 | Берза: Одбиен |
| Промена | 461 | 4 | 07.10.16 09:09:25 | ☑ | AGKU | Продавање | 3 | 2.350,00 | Broker Test 1 | Берза: Одбиен |
| Промена | 461 | 3 | 07.10.16 09:08:55 | ☑ | AGKU | Продавање | 3 | 2.350,00 | Broker Test 1 | Берза: Одбиен |
| Повлек... | 461 | 2 | 03.10.16 15:26:46 | ☑ | AGKU | Продавање | 3 | 2.300,00 | Broker Test 1 | Берза: Одбиен |
| Внес | 633 | 1 | 12.08.16 11:57:13 | ☐ | ALK | Продавање | 100 | 4.500,00 | Broker test 2 | Берза: Реализиран |
| Внес | 631 | 1 | 12.08.16 11:54:55 | ☐ | ALK | Продавање | 100 | 4.500,00 | Broker test 2 | Берза: Реализиран |
| Внес | 621 | 1 | 04.08.16 12:54:21 | ☐ | MPT | Продавање | 8 | 24.000,... | Broker Test 1 | Групиран |
| Внес | 601 | 1 | 04.08.16 12:44:52 | ☐ | GRNT | Продавање | 100 | 500,00 | Broker Test 1 | Групиран |
| Внес | 583 | 1 | 27.07.16 15:39:36 | ☐ | KMB | Продавање | 12 | 2.349,00 | Broker test 2 | Берза: Реализиран |
| Внес | 494 | 1 | 06.06.16 10:27:22 | ☑ | 7NOG | Продавање | 20 | 2.200,00 | | Берза: Пуштен |
| Внес | 493 | 1 | 06.06.16 10:26:30 | ☐ | 7NOG | Купување | 10 | 2.200,00 | | Берза: Реализиран |
| Внес | 491 | 1 | 06.06.16 10:10:10 | ☐ | 7NOG | Купување | 10 | 2.200,00 | | Берза: Реализиран |
| Внес | 487 | 1 | 03.06.16 11:59:48 | ☐ | 7NOG | Продавање | 10 | 2.200,00 | | Берза: Реализиран |

Страница 1 од 2 — Налози 1 - 15 од 25

Во eTrader, прозорецот Активни налози може да се користи за преглед и управување со моментално активните налози.

Од овој прозорец може да се ставаат, повлекуваат или менуваат налози.




| Налог | Брокер | ХВ | Страна | Коли... | Сена | Време | Валидност | Тип | Рефере... | Сек. | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 461 | Broker Test 1 | AGKU | Продав... | 3 | 2.300,00 | 31.05.16 10:19:10 | Дневен | Лимити... | K1753 | 1 | Берза: Делумн... |
| 462 | Broker Test 1 | 7NOG | Продав... | 10 | 2.200,00 | 31.05.16 10:39:49 | Дневен | Лимити... | K1000 | 1 | Берза: Пуштен |
| 466 | Broker Test 1 | 7NOG | Продав... | 100 | 2.200,00 | 01.06.16 12:04:15 | Дневен | Лимити... | K123 | 1 | Берза: Пуштен |

Доколку корисникот има увид во длабочината за сите хартии на пазарот, својот налог може да го менува и од прозорецот Налози.




| ХВ | НКЦ | НПЦ | ПЦ | ХВ | НКЦ | НПЦ | ПЦ | ХВ | НКЦ | НПЦ | ПЦ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ALK | 5.410,00 | | 5.410,00 | | | | | | | | |
| MPT | 24.500,... | | | | | | | | | | |
| KMB | 2.305,00 | | | | | | | | | | |

| КСУ | СКК | СКЦ | КК | КЦ | ПЦ | ПК | СПЦ | СПК | П... |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 45 | 5.410,00 | | | | | |
| | | | 1 | 5.410,00 | | | | | |

За увид во налозите кои ги внесува преку eTrader, клиентот го користи прозорецот eTrading барања. Кога брокерот ќе го одобри налогот, тој преминува во прозорецот Активни налози.




| Акција | Налог | Брокер | ХВ | Купува... | Коли... | Цена | Време | Валидност | Тип | Рефере... | Сек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Внес | 719 | Broker Test 1 | MPT | Купување | 50 | 25.000,... | 31.10.16 | Дневен | Лимити... | | 1 |

## 1.6. Аларми

За да се олесни следењето на тргувањето о за да се овозможи навремено реагирање на промените на пазарот, се користи прозорецот Аларми. Известувањата за

алармите се прикажуваат во горниот среден дел од прозорецот на eTrader апликацијата и во прозорецот Дневник на случувања (во долниот десен агол).




## 2. Подесувања

### 2.1. Општи опции

На копчето Старт достапни се опции со чија помош може:

- Да се сочува десктопот (Зачувај десктоп) со што се овозможува да се памти состојбата на отворените прозорци
- Избриши десктоп (сите отворени прозорци се затвораат)
- Промена на лозинка
- Позадина

### 2.2. Поставување кратенка

